**20231662967**

## АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Врз основа на член 92 став (6) и 97 став (2) од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 7/2008, 124/2010, 17/2011 и 13/2013 и Службен весник на Република Северна Македонија 103/2021) Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на седницата одржана на ден 20.7.2023 година, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИН И ВРЕМЕ НА ПРЕНОС НА СРЕДСТВА КАЈ ДОБРОВОЛНИТЕ ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ

Член 1

Во Правилникот за начин и време на пренос на средства кај доброволните пензиски фондови („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/2023) член 13 ставот (3) се менува и гласи: "Друштвото доставува известување до Агенцијата во врска со извршениот пренос на податоците и начинот на порамнување на средствата во рок од два работни дена од последниот ден од месецот. Известувањето до Агенцијата ги содржи податоците наведени во Детален извештај за трансакции на сметка III411, согласно Техничкото упатство за доставување на годишна архива и извештаи од базите на податоци кои ги одржуваат пензиските друштва."

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 01-1080/3
20 јули 2023 година
Скопје

Совет на експерти
Претседател,
**Maksud Ali,** с.р.